# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

кратoк документ

април-јуни 2022

Институт за европска политика. Скопје

ЕУ со ТЕБЕ

Овој проект е финансиран од Европската унија

# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

Краток квартален преглед април-јуни 2022

Издавач:
Институт за европска политика - Скопје

За издавачот:
д-р Симонида Кацарска

Уреднички:
д-р Симонида Кацарска
д-р Ардита Абази Имери
м-р Јулијана Караи

Authors:
Ангела Делевска
Ангел Мојсовски
Беба Жагар

Превод од англиски на македонски јазик:
Ана Попова Манасиевска

Лектор:
Дејан Василевски

Графички дизајн:
Релатив

Скопје, 2022

Овој извештај е подготвен во рамки на проектот „Градиме мостови за заедничка иднина: Владеењето на правото во насока на пристапувањето во ЕУ“, финансиран од Европската Унија. Содржината на овој краток документ за политики е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.



Во овој краток преглед накратко се претставени клучните настани во однос на владеењето на правото во поглед на пристапувањето на Република Северна Македонија во ЕУ за периодот април-јуни 2022 година. Тој вклучува **мониторинг на основите начела за пристапување во ЕУ, вклучително и на клучните настани во функционирањето на демократските институции, реформата на јавната администрација и Поглавјето 23: Судство и основни права.**

## Клучни случувања

- Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со СИГМА/ОЕЦД, го почна процесот на изработка на новата Стратегија за реформа на јавната администрација за периодот од 2023 до 2030 година;
- Предизвиците во функционирањето на Уставниот суд продолжуваат поради недостигот на судии. Судот сè уште има само пет судии од уставно-предвидените девет. По повеќекратни одложувања и блокади, на 13 мај Комисијата за прашања на изборите и именувањата конечно на својата агенда го додаде определувањето на предлогот за избор на уставни судии;
- Поднесените амандмани на Законот за работни односи, со кои се предвидува исклучок за судиите и јавните обвинители и продолжување на нивниот мандат до три години, не беа прифатени од опозициските партии во Парламентот, поради што на први јули 2022 година се пензионираа 42 судии и десет обвинители;
- По долг процес, во април 2022 година Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО) ја објави ранг-листата на осмата генерација кандидати за почетна обука;
- Северна Македонија беше рангирана на 57-то место од вкупно 180 земји според Индексот на слободата на медиумите на „Репортери без граници" за 2022 година, 33 позиции повисоко во споредба со минатата година, кога беше рангирана на 90-тото место;
- На 12 април се одржа првиот состанок за изработка на новата Национална стратегија за лица со попреченост на Северна Македонија;
- Северна Македонија останува на многу ниското 31 место (од вкупно 49) на годишната мапа и индекс на виножитото на ИЛГА – Европа, поради неприфаќањето на измените на Законот за матична евиденција, како и на Националниот акциски план за унапредување на правата на ЛГБТИ+ луѓето.



# Список на кратенки

| | |
|---|---|
| ААВМУ | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| ЗНМ | Здружение на новинари на Македонија |
| АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители |
| АСПИ | Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер |
| БИРН | Балканска мрежа за истражувачко новинарство |
| ОЈО | Основно јавно обвинителство |
| ОЈОГОКК | Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција |
| КПИИ | Комитет за прашања за изборите и именувањата |
| КСЗД | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| СЈОРСМ | Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија |
| ГО | Граѓански организации |
| КПТ | Европски комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко однесување |
| ЕК | Европска комисија |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ЕИРЕ | Европски институт за родова еднаквост |
| ЕПИ | Институт за европски политики |
| ЕУ | Европска унија |
| РЗЛП | Општа регулатива за заштита на податоци |
| ГРЕКО | Група држави против корупцијата |
| ХКЧП | Хелсиншки комитет за човекови права |
| ВЈО | Вишо јавно обвинителство |
| ИДВЕП | Институт за добро владеење и евроатлантски перспективи |
| ССРСМ | Судски совет на Република Северна Македонија |
| ЛГБТИ | Лезбиски, геј, бисексуални, транс и интерсексуални заедници |
| МЕП | Членови на Европскиот парламент |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МП | Министерство за правда |
| МП | Пратеници |
| МЗМП | Македонско здружение на млади правници |
| НВО | Невладини организации |
| АЗЛП | Агенција за заштита на лични податоци |
| ПИНА | Платформа за истражувачко новинарство и анализи |
| ОЈО | Основно јавно обвинителство |
| РМ | Република Македонија |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| СИГМА | Поддршка за подобрување на владеењето и управувањето |
| СРЈА | Стратегија за реформи во јавната администрација |
| ОН | Обединети нации |



# Содржина


**Функционирање на демократските институции** ... 6

Избори ... 7
Парламент ... 8
Владеење ... 8
Граѓански сектор ... 10
Реформа на јавната администрација ... 10

**Поглавје 23** ... 11

Функционирање на судството ... 12
- Стратешки документи ... 12
- Управни тела ... 12
- Независност и непристрасност ... 12
- Отчетност ... 13
- Професионализам и стручност ... 14

Квалитет на правдата ... 15
- Ефикасност ... 16

Борба против корупцијата ... 18
- Институционална рамка ... 18
- Управни тела ... 18
- Јавно обвинителство ... 19

Основни човекови права ... 20
- Судска практика на Европскиот суд за човекови права ... 20
- Народен правобранител ... 20
- Мачење или друг суров, нечовечки или понижувачки третман или казна ... 21
- Затворски и притворски објекти ... 21
- Заштита на личните податоци ... 22
- Слобода на мисла, совест и религија ... 23
- Слобода на изразување ... 23
- Ранливи групи и начело на недискриминација ... 25
- Родови прашања ... 27
- Говор на омраза ... 28
- ЛГБТИ+ ... 29
- Роми ... 30

# Функционирање на демократските институции



# Избори

Најголемата парламентарна опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ продолжи со барањето за предвремени избори. Од партијата доставија барање за организирање на лидерска средба помеѓу лидерите на двете најголеми парламентарни партии, поради економската и енергетската криза. Ова барање беше одбиено од страна на премиерот и лидер на владејачката партија[1] со образложение дека сега не е моментот да се одржуваат предвремени парламентарни избори. Воедно, премиерот потенцираше и дека Владата е на став дека парламентарните избори ќе се одржат во редовниот термин во 2024 година и ќе се поклопат со терминот за претседателски избори, кои исто така ќе се одржат во 2024 година.[2]

Во насока на збогатување на дискусијата околу измените на изборниот законик, Либералниот институт[3] организираше панел-дискусија[4], при што донесен е генерален заклучок дека е потребна „една изборна единица наместо шест". Исто така на почетокот на јуни, во рамките на третата Национална дебатна анкета за демократија организирана од страна на Институтот за европска политика (ЕПИ)[5], беше организирана дебатна анкета[6], каде што голем број граѓани (150 од целата земја) дискутираа и размислуваа каков изборен систем сакаат и кои реформи се потребни во изборниот процес во земјата. Дебатата се одвиваше во два дена, каде што на првиот ден граѓаните имаа можност да разговараат/дискутираат со политички претставници на партиите претставени во Собранието[7], и тоа за изборните модели, односно изборните единици, како и за гласањето на дијаспората. На вториот ден граѓаните имаа можност да дискутираат со релевантни чинители[8] во оваа сфера и да се информираат за изборните листи и регистрацијата на гласачи.

Во однос на локалните избори, постоеше ризик за распуштање на Советот на Општина Тетово[9], што на крајот и се случи, односно Владата на Северна Македонија го распушти Советот на општината. Главната причина за распуштање на Советот е неусвојувањето на завршната сметка за општинскиот буџет[10] за 2021 година. Од Општината реагираа дека распуштањето на Советот не е законско поради пречекорувањето на рокот за распуштање на Советот, но дека сепак треба да се одржат нови избори за советници.[11]

---

1 Нема да има лидерска средба за предвремени парламентарни избори, 8 мај 2022, https://kanal5.com.mk/nema-da-ima-liderska-sredba-za-predvremeni-parlamentarni-izbori/a528975.

2 „Избори ќе има во 2024 година", вели Ковачевски, *ТВ 21*, 6 мај 2022, https://mk.tv21.tv/izbori-ke-ima-vo-2024-godina-veli-kovachevski/.

3 Една изборна единица – потреба од коренита реформа на изборниот систем)', *Телма ТВ*, 2 јуни 2022, https://telma.com.mk/2022/06/02/edna-izborna-edinica-potreba-od-korenita-reforma-na-izborniot-sistem/?fbclid=IwAR1gl3SS64fuv_T4mkI54cYX-2LFZisu9QRb8yqIqcvrN03-bln4noy49NlM.

4 Една изборна единица наместо сегашните шест – посоодветно претставување на граѓанскиот глас', https://www.facebook.com/liberalinstitutemk/videos/1736530570040094.

5 Граѓаните дискутираат и прашуваат: Изборниот систем и реформите во изборниот процес во Северна Македонија, 31 мај 2022, https://epi.org.mk/post/20948.

6 Успешно спроведена третата Национална дебатна анкета, 150 граѓани дискутираа и прашуваа за изборните реформи, *Официјална веб-страница на Институтот за европска политика- Скопје*, 9 јуни 2022, https://epi.org.mk/post/21388?lang=en.

7 Павле Трајанов, Арта Биљали-Зендели, Драган Ковачки, Викторија Аврамовска-Мадиќ, како и претставникот од граѓанскиот сектор Сефер Селими.

8 Рената Дескоска, Сашо Клековски, Халил Снопче, Фадил Зендели и Гордан Георгиев.

9 Порталб: Советот на општина Тетово пред распуштање, нејасно е дали ќе има нови избори)', *Meta.Mk*, 29 април 2022, https://meta.mk/portalb-sovetot-na-opshtina-tetovo-pred-raspushtanje-nejasno-e-dali-kje-ima-novi-izbori/.

10 Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа предвидува усвојување на завршна сметка за буџетот од претходната година до 31 март во тековната година: https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2009/02/Zakon-za-finansiranje-na-edinicite-na-lokalna-samouprava-Precisten-tekst.pdf

11 Владата го распушти Советот на општина Тетово)', *Alsat M*, 14 јуни 2022, https://alsat.mk/mk/najnova-vest-vladata-go-raspushti-sovetot-na-opshtina-tetovo/.

# Парламент

Во мај во Собранието, најголемата опозициска партија најави и почна „активна блокада на Собранието“.[12] Од партијата најавија дека ќе ги блокираат сите штетни предлози и решенија во Собранието, но дека ќе учествуваат во расправите што се од суштинско значење за граѓаните, како што е ребалансот на буџетот.[13] Од партијата наведоа дека се одлучиле на ваков чекор поради одбивањето на Владата да прифати предвремени парламентарни избори, како и поради економската и енергетската криза што ја има зафатено земјата. Од партијата на власт, пак, изјавија дека овие барања се уцена, дека не ги прифаќаат уцените и дека „неработењето на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ граѓаните ги чини над 55.000 евра месечно“.[14]

Покрај активната блокада, од опозицијата побараа[15] и поднесоа[16] интерпелација за претседателот на Собранието – Талат Џафери. Интерпелацијата е поднесена поради ставот на опозицијата дека тој не работи добро и е поврзан со многубројни скандали што се открија во неговиот мандат. Интерпелацијата не беше поддржана и „против предлогот на опозицијата гласаа 61 пратеник, додека за беа 43“.[17]

# Владеење

Како дел од активностите за справување со корупцијата, вицепремиерката за борба против корупција ѝ предложи на Владата да ги „задолжи сите буџетски корисници да ја унапредат транспарентноста во процесот на јавните набавки и сите податоци да ги објавуваат на своите интернет-страници“.[18] Ова подразбира дека сите буџетски корисници, односно сите државни институции (на локално и на централно ниво) во рок од 30 дена мораат да креираат посебен дел (таб) на своите интернет-страници насловен јавни набавки, каде што ќе се објавуваат документи, како што се: годишен план за јавни набавки; огласи за јавни набавки; известувања за склучени договори; склучени договори и известувања за реализирани договори.

---

12 Од 10 мај ВМРО-ДПМНЕ најавува активна блокада на Собранието, протести, блокади...), *Mkd.Mk*, 4 мај 2022, https://www.mkd.mk/makedonija/politika/od-10-maj-vmro-dpmne-najavuva-aktivna-blokata-na-sobranieto-protesti-blokadi.

13 ВМРО-ДПМНЕ ќе го блокира Собранието, но не и расправата за ребаланс на буџетот)’, *Deutsche Welle*, 9 мај 2022, https://bit.ly/3PxvHOa.

14 СДСМ: Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ граѓаните ги чинат 55.000 евра месечно, да ги вратат парите назад)’, *Макфакс News Agency*, 13 мај 2022, shorturl.at/gqtYZ.

15 Опозицијата бара интерпелација - Џафери се брани дека ги заклучил пратениците за да ги преброи)’, *Deutsche Welle*, 26 мај 2022, https://bit.ly/3uQxTZo.

16 ВМРО-ДПМНЕ поднесе интерпелација за Талат Џафери и побара поддршка од СДСМ)’, *Deutsche Welle*, 30 мај 2022, https://bit.ly/3PghaXB.

17 Интерпелација на Талат Џафери – 61 „против“, 43 „за“’, *360 степени,* 1 јули 2022, https://360stepeni.mk/interpelatsija-na-talat-dhaferi-61-protiv-43-za/.

18 Грковска: Институциите се должни да ги објавуваат јавните набавки на своите веб страници, јавноста мора да има лесно достапни информации како се трошат буџетските средства)’, *Официјална веб-страница на Владата на Република Северна Македонија*, 20 април 2022, https://vlada.mk/node/28486.

Во врска со корупцијата, главната обвинителка од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција даде загрижувачка изјава во однос на корупцијата, велејќи дека „во државава има многу корупција“, како и тоа дека „не се почитуваат законите и често се злоупотребуваат функциите“.[19]

Продолжи кризата поврзана со функционирањето на Уставниот суд. Во април се случи преседан, кога по првпат на една седница на судот не се донесе ниту една одлука или решение, при што од судот „алармираа за сериозноста на ситуацијата затоа што доведено е во прашање носењето одлуки поради некомплетниот состав веќе неколку месеци“.[20]

Сепак, за надминување на оваа состојба, во мај членовите на собраниската Комисија за прашања на изборите и именувања предложија девет кандидати[21] за судии на Уставниот суд.[22] Оваа седница поврзана со именувањата за членови на Уставниот суд се одржува една година откако судот работи со намален број судии.[23] За потсетување, Уставниот суд засега работи со четворица членови од предвидените девет.

Во април беше договорено зајакнување на надворешната соработка и продлабочување на партнерството со Соединетите Американски Држави, преку т.н. „Стратешки дијалог“.[24] Со ова Македонија стана првата држава од Западен Балкан која почна стратешки дијалог со САД, што е исто така напредок во однос на постојното стратешко партнерство меѓу двете држави и подигање на билатералните односи на повисоко ниво. Во јуни, пак, се одржа првиот состанок од процесот за Стратешки дијалог меѓу Соединетите Американски Држави и Република Северна Македонија.[25] Под овој стратешки дијалог ќе се водат фокусирани разговори на темите од областа на регионалната соработка, одбраната и безбедноста, енергетиката, економската соработка, трговијата и инвестициите, културната соработка, како и прашањата од областа на образованието, демократскиот развој, борбата против корупција.[26]

---

19 Во државава има многу корупција, вели Русковска)’, *Фокус,* 11 април 2022, https://fokus.mk/vo-drzhavava-ima-mnogu-koruptsija-veli-ruskovska/.

20 Соопштение на Судот по одржаната XII-та седница)’, *Официјална веб-страница на Уставниот суд на Република Северна Македонија*, 13 април 2022, http://ustavensud.mk/?p=22032.

21 Од владејачкото парламентарно мнозинство беа предложени: републичкиот јавен обвинител Љубомир Јовески, граѓанскиот судија во Апелациониот суд во Скопје Фатмир Скендер и Тања Васиќ Бозаџиева, која работи во Министерството за правда како државен советник за граѓанско законодавство. Опозицијата, пак, ги предложи: универзитетските професори Саво Климовски и Родна Живковска, судијата во пензија Бранко Секуловски, обвинителот Тодор Витларов, судијката од Управниот суд Весна Јовановска и Војислав Димовски, јавен обвинител од Основното јавно обвинителство во Охрид.

22 Детали на седница 13, *Официјална веб-страница на Собранието на Република Северна Македонија*, 13 мај 2022, https://www.sobranie.mk/detali-na-komisiska-sednica.nspx?sittingId=cf5a7019-688c-42d7-ad76-65be95f5d917.

23 Власта предложи тројца правници, меѓу кои и Љубомир Јовески, за членови на Уставниот суд, опозицијата шест, меѓу кои и Саво Климовски, *MakPress.Mk*, 14 мај 2022, https://makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=481688.

24 Средба Османи - Донфрид: Стратешки Дијалог меѓу Северна Македонија и САД на 2 јуни)’, *Официјална веб-страница на Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија*, 29 април 2022, https://www.mfa.gov.mk/mk/page/13/post/2941/sredba-osmani-donfrid-strateshki-dijalog-megju-severna-makedonija-i-sad-na-2-juni.

25 Заедничка изјава на Северна Македонија и САД за почетокот на Стратешкиот дијалог: Силно сме фокусирани на продлабочување на билатерално партнерство)’, *Официјална веб-страница на Владата на Република Северна Македонија*, 3 јуни 2022, https://vlada.mk/node/29056.

26 Заедничко соопштение за Стратешкиот дијалог Северна Македонија – САД, *Официјална веб-страница на Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија, 3 јуни 2022 година*, https://www.mfa.gov.mk/mk/page/4/post/2994/zaednichko-soopshtenie-za-strateshkiot-dijalog-severna-makedonija-%E2%80%93-sad-.

# Граѓански сектор

Граѓанските организации останаа на ставот дека одлуката на Владата да се отстрани финансиската поддршка за граѓанските организации од годишниот државен буџет е неприфатлива. На Шестата (тематска) седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество[27] се донесоа заклучоци со кои ГО преку членовите на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество одлучија дека ќе ја **бојкотираат работата на Советот сè до обезбедување средства во Буџетот** на Владата на Република Северна Македонија за реализација на предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година.

# Реформа на јавната администрација

Во мај Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со СИГМА/ОЕЦД, го почна процесот на изработка на новата Стратегија за реформи во јавната администрација за периодот 2023-2030 (СРЈА 2023-2030).[28] Значајно е да се истакне дека постои широк консултативен процес уште во најрана фаза на процесот на изработка на овој важен национален стратешки документ, имајќи предвид дека МИОА уште во април упати повик до ГО да се вклучат во тематските работни групи за подготовка на СРЈА 2023-2030.[29] Исто како и претходната, и новата Стратегија ќе опфати четири области, односно четири цели: Развој на политики и координација; Јавна служба и управување со човечки ресурси; Одговорност, отчетност и транспарентност; и Давање услуги и ИКТ-поддршка на администрацијата. Планирано е Стратегијата да биде завршена до крајот на оваа година.

---

27 Нацрт- записник од шестата (тематска) седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, одржана на 06.04.2022 година, https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/_Nacrt-Zapisnik_6_sednica_Sovet%20%284%29.pdf.

28 Работилница за подготовка на нова Стратегија за РЈА 2023-2030)', *Official Website of The Ministry of Information Society and Administration*, 13 мај 2022, https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/4023.

29 Повик за учество во тематски работни групи за подготовка на новата Стратегијата за РЈА (2023-2030)) *Официјална веб-страница на Министерството за информатичко општество и администрација*, 8 април 2022, https://www.mioa.gov.mk/?q=mk/node/3971

# Поглавје 23

Според процената на „Фридом хаус“ (2/4)[30] останува загриженоста од минатата година во однос на ефикасноста и независноста на судството и борбата против корупцијата.

30 Фридом хаус, „Слобода во светот 2022 – Северна Македонија“ (2022), https://freedomhouse.org/country/north-macedonia/freedom-world/2022>.



# Функционирање на судството

## Стратешки документи

Од објавата дека се подготвува нова Стратегија за правосудството 2023-2027 во февруари 2022 година[31] нема значителен развој во однос на нејзината подготовка или барем нема дополнителни јавно достапни податоци. Министерството за правда во јуни 2022 година поднесе барање за именување претставник од Блупринт групата за реформи во правосудството со цел тој/таа да учествува во подготовката на стратегијата.[32]

## Управни тела

Судскиот совет на Република Северна Македонија и Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија редовно објавуваат соопштенија на своите интернет-страници.

## Независност и непристрасност

На 48. седница, Владата го одреди пакетот од четири закони за повисоки плати на вработените во правосудниот и обвинителскиот систем.[33] Поточно, со измените на Законот за платите на јавните обвинители се менува коефициентот за утврдување на платата на јавните обвинители и вкупните обврски за подобрување на материјалните и финансиските средства во правосудниот систем, вклучувајќи ги и платите и другите надоместоци на јавните обвинители. Покрај тоа, се утврдија и измените и дополнувањата на Законот за измени и дополнувања на Законот за судска служба и Законот за јавно обвинителска служба. Целта на предложените измени е да се постигне еднаквост меѓу вработените во приватниот и во јавниот сектор, судската и јавнообвинителската служба како дел од нив, преку утврдување на ист износ на законската минимална плата и постепено усогласување на платите на судските и јавнообвинителските службеници на сите нивоа. Со овие измени, долгорочната цел е да се обезбеди континуитет во промените на платите во однос на минималната плата на национално ниво. Истовремено, во рамките на усогласувањето на законите со Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, платите на вработените во судовите и во јавните обвинителства се зголемуваат за 15 отсто. На крајот, на седница на Владата беа утврдени и измените и дополнувањата на Законот за платите на членовите на Советот на јавни обвинители.[34]

31 „Тупанчески најави нова стратегија за правосудството 2023-2027 година на состанокот со Гир", 360 Степени, 9 февруари 2022, https://bit.ly/36VQg6D.

32 За таа цел, Блупринт група за реформи во правосудството номинираше двајца претставници. „Писмо од Министерството за правда до Блупринт групата за реформи во правосудството за именување на претставник", 22 јуни 2022.

33 „48. седница на Владата", официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 25 мај 2022, https://vlada.mk/2022-48.

34 Во предложениот текст на законот се менуваат коефициентите за утврдување на платата на членовите на Советот со цел надградба на системот на плати на членовите на Советот на јавни обвинители, соодветно на важноста и угледот на функцијата што ја извршуваат, тежината на работата и нивната одговорност.

## Отчетност

Во ова тромесечје, Судскиот совет на РСМ не избра ниту еден судија или претседател на суд, а разреши тројца судии.[35]

Мандатот на девет поротници во Апелациониот суд во Скопје истече во април минатата година, но тоа ССРСМ го утврди дури на 29 март 2022 година.[36] Според истрагата објавена од Балканската мрежа за истражувачко новинарство (БИРН), дел од поротниците продолжиле со својата работа и оваа година, донесувајќи одлуки и пресуди.[37] Апелациониот суд во Скопје го игнорираше фактот дека мандатот на поротниците истекол една година порано и истакна дека до истекот на мандатот седниците се одржувале со учество на активни судии-поротници. ССРСМ не сметаше дека има проблем, бидејќи предлогот за престанок на функцијата пристигнал на 28 март и предлогот е ставен како точка на дневниот ред за седницата на 29 март.[38] Дополнително, ССРСМ формираше трочлена работна група[39] која спроведе увид на самото место и достави извештај во кој дава насоки до судовите да го почитуваат законот[40]. Сепак, останува прашањето зошто не беше побарано продолжување на мандатот на поротниците и зошто ССРСМ не го зеде тоа предвид.

Во мај 2022 година, адвокат поднел кривична пријава до Основното јавно обвинителство (ОЈО) Скопје против раководител на сектор во МВР за несовесно работење.[41] Станува збор за случај помеѓу адвокат и раководител на сектор за злоупотреба на бесплатна правна помош за приватен случај што завршил со одлука за отстранување на адвокатот од регистарот на адвокати што обезбедуваат бесплатна правна помош.[42] Случајот е пријавен и до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК).[43]

Хелсиншкиот комитет за човекови права реагираше на повреда на начелото на јавност на постапката во Основниот суд Куманово, за што дополнително достави барање до претседателот

35 Судски совет на Република Северна Македонија, „Доставување на информации од јавен карактер", 17 јули 2022.

36 „Соопштение од 398. седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија – 29 март 2022", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, shorturl.at/txyCH.

37 „Со истечен мандат година дена делеле правда – десетина пресуди на Скопска апелација доведени во прашање, дознава БИРН", 5 април 2022, официјален интернет-страница на Советот на Балканска мрежа за истражувачко новинарство БИРН Македонија, https://prizma.mk/so-istechen-mandat-godina-godina-dle-dele-pravda/.

38 Исто.

39 Исто.

40 „Како контролата на Судскиот совет ја утна годината", официјална интернет-страница на Советот на Балканската мрежа за истражувачко новинарство (БИРН) Македонија, 9 јуни 2022, https://prizma.mk/kako-kontrolata-na-sudskiot-sovet-ja-utna-godinata/.

41 „Адвокатка поднесе кривична пријава против раководителка во Министерството за правда што ѝ барала услуга, ја пријавила и во Антикорупциска", Сакам да кажам, 5 мај 2022, https://sdk.mk/index.php/makedonija/advokatka-podnese-krivichna-pri-viv-kovoditka-vo ministerstoto-za-pravda-shtoala-uga-prijavila-vikorptska/.

42 Поточно, станува збор за случај во кој адвокат тврди дека раководителот на Одделението за бесплатна правна помош ѝ побарал бесплатни правни услуги за приватен судски предмет, што таа го одбила. Поради тоа, адвокатката тврди дека ѝ биле надоместени само 20 проценти од трошоците што настанале при застапување на сиромашен клиент во друга постапка пред судот во траење од две години, и покрај законски предвидениот надоместок. Исто така, таа добила е-порака од раководителот на секторот во кое ѝ се заканувaат дека и овие 20 проценти нема да ѝ бидат исплатени ако се осмели да го тужи Министерството за парите што не ѝ се исплатени. Откако поднела жалба до Управниот суд за надоместување на судските трошоци и го добила предметот, таа се обратила до министерот за правда и ги побарала средствата. Како одговор, таа добила решение за нејзино отстранување од Регистарот на адвокати за давање на правна помош.

43 Адвокатка поднесе кривична пријава против раководителка во Министерството за правда што ѝ барала услуга, ја пријавила и во Антикорупциска.

на судот.[44] Како одговор на барањето, судот навел дека имало технички проблеми, како што е вклучувањето клима-уред во судницата, што не ги ублажило тешките временски услови.[45]

## Професионализам и стручност

Повикот за избор на судии за Врховниот суд, Апелациониот суд Скопје, Апелациониот суд Гостивар, Основниот суд Штип и Основниот кривичен суд Скопје е објавен на шести август 2021 година, но изборот сè уште е во тек. Главната причина за доцнење со изборот, како што потенцира претседателот на ССРСМ, е желбата по прв пат да се примени методологијата за оценување на работата на судијата врз основа на квалитативни критериуми и образецот за оценување и бодување на исполнувањето на квалитативните критериуми од страна на судиите.[46]

По долга постапка, во април 2022 година Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО) ја објави ранг-листата на осмата генерација кандидати за почетна обука во АСЈО.[47] Приемот се одржа на 11 мај 2022 година.[48] Оваа генерација има 97 кандидати и е најголема група од 2006 година.

Министерството за труд и социјална политика во Собранието поднесе измени и дополнувања на Законот за работни односи.[49] Измените на законот се однесуваат на раскинување на договорот за вработување, со што се предвидува исклучок за судиите и јавните обвинители и продолжување на нивниот мандат.[50] Предложените амандмани испратени до Собранието по итна постапка и со европско знаменце предизвикаа насилни инциденти меѓу пратениците, главно меѓу тие од ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ.[51] Последната седница беше прекината, што предизвика голем проблем поради недостаток на кадар во судовите и обвинителствата.[52] Од први јули 2022 година, 42 судии и десет обвинители заминаа во пензија.[53]

44 Законски е дозволено Комитетот да го следи судењето на барање на обвинетиот. Иако судот бил уредно информиран дека ќе има мониторинг, како и за идентитетот на лицето кое ќе присуствува, подготвителното рочиште се одржало само во присуство на полномошниците, без одлука за исклучување на јавноста, ниту, пак, со образложение на причините и основата за исклучување на јавноста и странката. Покрај тоа, пред завршување на подготвителното рочиште, судијата побара од адвокатот на обвинетиот да не доаѓаат претставници од Хелсиншкиот комитет на следење на судската постапка до конечно завршување на постапката. „Судски апсурди: Далечинскиот уред што ја исклучи јавноста од судница“, официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, 15 јуни 2022, https://mhc.org.mk/news/sudski-apsurdi-dale-chinskiot-ured-shto-ja-iskluchi-javnosta-od-sudnica/.

45 Исто.

46 „Методологијата за оценување на работата на судија врз основа на исполнетост на квалитативните критериуми за судиското работење“ (Судски совет на Република Северна Македонија, 18 декември 2020), shorturl.at/ceiqM.

47 „Објавување на ранг-листа на слушатели во VIII-та генерација слушатели на почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители“, официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 15 април 2022, https://jpacademy.gov.mk/announcements/objavuvane-na-rang-lista-na-slushateli-vo-viii-enerta-generaczija-sushlateli-na-pochet-na-obu-ademijata-sudii-javvinitel/.

48 „Одбележан приемот на осмата генерација слушатели во почетната обука во Академијата за судии и јавни обвинители“, официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 11 мај 2022, https://jpacademy.gov.mk/odbelezhan-priemot-na-osmata-generaczija-slushateli-vo-pochetnata-obuka-vo-akademijata-udii-javni-obiteli/.

49 „Измени на Законот за работни односи за продолжување на работниот век на судиите и обвинителите до регрутација на нови кадри“, Академик, 22 јуни 2022, https://akademik.mk/izmeni-na-zro-za-prodolzhuvane-na-rabotniot-vek-na-sudiite-i-obvinitelite-do-regrutatsija-na-novi-kadri/.

50 Исто.

51 „Врие во Собранието – Барања за оставки и одговорност по инцидентот во законодавниот дом“, Дојче Веле, 28 јуни 2022, shorturl.at/afpzH.

52 „Прекината собраниската седница за продолжување на работниот ангажман на судии и обвинители“, МИА – Медиумска информативна агенција, 29 јуни 2022, shorturl.at/bcfp2.

53 „Судиите и јавните обвинители кои наполнија 62 или 64 кодини заминуваат во пензија“, МИА – Медиумска информативна агенција, 1 јули 2022, shorturl.at/hoy39.

# Квалитет на правдата

Во април, во Министерството за правда се одржа јавна расправа за предлог-законот за правда на децата.[54] МП одржа и стручна расправа за предлог-законот за помилување.[55] Покрај тоа, како дел од законодавната агенда поврзана со реформата на кривичното право, министерот за правда во мај истакна дека, и покрај измените на постојниот Кривичен законик, почна постапка за целосна ревизија на Кривичниот законик.[56] Предлог-законот ќе ги содржи сите најнови меѓународни стандарди во областа на тероризмот, еколошкиот криминал, финансиските измами, нелегалното производство и трговија со оружје и посебно внимание ќе биде посветено на редефинирање на казнената политика при изрекување на казните.[57] Почна и процесот на подготовка на новиот закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.[58]

Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО) потпиша меморандум за соработка со Центарот за обука и студии за судство на кралството Холандија. Овој меморандум предвидува спроведување активности што ќе го зајакнат институционалниот капацитет на АСЈО со цел да се обезбеди повисок квалитет во спроведувањето на обуката за судиите и јавните обвинители, но и за учесниците на основната обука на Академијата.[59]

Потпишан е и меморандум за соработка помеѓу Судскиот совет на Република Северна Македонија и Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до јавни информации. Ова е со цел да се зголеми активната транспарентност на судовите со цел да се обезбеди доследно спроведување на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и остварување на правото на граѓаните за слободен пристап до информации. Агенцијата ќе ги следи интернет-страниците на судовите за да утврди дали се спроведува член 10 од законот и потоа ќе биде подготвена анализа.[60]

54 „Во просториите на Министерството за правда се одржа јавна расправа за предлог-законот за правда на децата", официјалната фејсбук-страница на министерот за правда, Никола Тупанчески, 11 април 2022 година, https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=129885842956150&id=100078042045641.

55 Нацрт-законот беше објавен на ЕНЕР на 27 април. Ако се донесе законот, претседателот на државата нема да може да помилува лица пред да има судска постапка за нив, односно лицето ќе може да се помилува дури откако пресудата ќе стане правосилна. Објавен текстот на предлог-законот за помилување, кој предвидува построги критериуми за помилување, Akademik.mk, 27 април 2022, https://akademik.mk/objaven-tekstot-na-predlog-zakonot-za-pomiluvane-koj-predviduva-postrogi-kriteriumi-za-pomiluvaneto/.

56 „Подготвена нацрт-верзија за нов Кривичен законик, се очекува да биде донесен до крајот на годината", Сител ТВ, 4 мај 2022, https://sitel.com.mk/podgotvena-nacrt-verzija-za-nov-krivichen-zakonik-se-ochekuva-da-bide-donesen-do-krajot-na-godinata.

57 „Постапката за подготовка на предлог на Кривичниот законик е почната", Академик, 4 мај 2022, https://akademik.mk/postapkata-za-podgotovka-na-predlog-na-krivichniot-zakonik-e-zapochnata/.

58 „Се подготвува нов Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка", официјална фејсбук-страница на министерот за правда, Никола Тупанчески, 19 мај 2022, https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=141053301839404&id=100078042045641.

59 „Меморандум за соработка потпишан помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители и Центарот за обука и студии за судство на кралството Холандија", официјална интернет-страница на АСЈО „Павел Шатев", 10 мај 2022, https://jpacademy.gov.mk/potpishan-memorandum-za-sorabotka-pomegu-akademijata-za-sudii-i-javni-obviniteli-i-czentarot-za-obuka-i-pravosudni-studiissr-na-kralstvoto-holandija/.

60 „Потпишан меморандум за зголемување на транспарентноста на судовите", Академик, 18 мај 2022, https://akademik.mk/potpishan-memorandum-za-zgolemuvane-na-transparentnosta-na-sudovite/.

## Ефикасност

Уставниот суд беше предупреден за сериозноста на ситуацијата поради недостатокот на соодветен персонал во судот. Судот моментно работи со пет од деветте уставно-предвидени судии.[61] Дванаесеттата седница на Уставниот суд за 2022 година е првата седница на која не беше донесена одлука за ниту една од точките на дневниот ред.[62] Поради нецелосниот состав, процесот на донесување одлуки не може да се реализира веќе неколку месеци. Поради тоа, претседателот на Уставниот суд објави дека поради недостатокот на кворум за одржување на седниците нема донесени одлуки за повеќе од 30 предмети[63] и дека, додека не се исполнат празните позиции, нема да се разгледуваат важни предмети.[64] Изборот на нови уставни судии е заглавен во Собранието со месеци. По повеќекратни одложувања и блокади, на 13 мај Комисијата за прашања на изборите и именувањата конечно на својот дневен ред го додаде определувањето на предлогот за избор на уставни судии;[65] за четири места во Уставниот суд, пратениците во Собранието предложија девет кандидати.[66] Членовите на Комисијата досега разгледаа два предлога.[67] Додека се чека Собранието да ги изгласа новите судии во Уставниот суд, Хелсиншкиот комитет поднесе иницијатива до МП за донесување закон за избор на уставни судии, чии надлежности и начин на избор во моментов се регулирани само со Уставот и Правилникот за работа од 1992 година.[68]

По повод сто дена од Владата, МП истакна дека системот за бесплатна правна помош за граѓаните успешно се имплементира[69], односно дека бројот на барања за секундарна правна помош во

61 „Судот е со нецелосен состав повеќе од една година откако истече мандатот на двајца судии во мај минатата година, а во јануари оваа година истече мандатот на уште еден судија. Уставниот суд со ʼврзани рацеʻ, за прв пат не донесе ниту една одлука", Фокус, 13 април 2022, https://fokus.mk/ustavniot-sud-so-vrzani-ratse-za-prv-pat-ne-donese-nitu-edna-odluka/.

62 Исто.

63 „Соопштение по одржаниот работен состанок на претседателката на судот Добрила Кацарска со претседателот на државата Стево Пендаровски, претседателот на Владата Димитар Ковачевски и претседателот на Собранието Талат Џафери", официјална интернет-страница на Уставниот суд на Северна Македонија, 30 мај 2022 година, http://ustavensud.mk/?p=22303.

64 „Важни случаи како Указот за прогласување на Преспанскиот договор и Законот за јазиците (за кои се бара присуство на сите девет судии), Законот за социјална заштита, Законот за јавно обвинителство и сл., нема да се разгледуваат". „Кацарска: Состојбата во Уставниот суд е сериозна, сѐ додека не се пополни бројот на судии, нема да се разгледуваат важни предмети", 360 Степени, 30 мај 2022, https://360stepeni.mk/katsarska-sostojbata-vo-ustaven-e-seriozna-dodeka-ne-sepolni-brojot-na-sudii-ne-ma-da-se-razleduat-vazhni-predmeti/.

65 „Судот е во нецелосен состав веќе една година: Уставен една година е во нецелосен состав: предлагањето нови судии денеска е на дневен ред во Собраниската комисија", 360 Степени, https://360stepeni.mk/ustaven-edna-godina-e-vo-netselosen-sostav-predlaganeto-na-novi-sudii-deneska-e-na-dneven-red-vo-sobraniskata-komisija/.

66 „Владата за уставни судии ги предложи Републичкиот јавен обвинител Љубомир Јовески, врховниот судија Фатмир Скендер и државниот советник во Министерството за правда Татјана Васиќ Бозаџиева. Опозициската партија ВМРО-ДПМНЕ ги предложи универзитетските професори Саво Климовски и Родна Живковска, јавните обвинители Тодор Витларов и Воислав Димовски, судијката на Управниот суд Весна Јовановска и поранешниот претседател на судот во Гостивар, Бранко Секуловски, за уставни судии. Предлози за нови уставни судии", ТВ 24, 13 мај 2022, https://24.mk/details/predlozi-za-novi-ustavni-sudii.

67 „Засега е утврден предлогот на владејачкото мнозинство за Фатмир Скендер, актуелен судија во Апелациониот суд Скопје, да биде избран за уставен судија. Предлогот на опозициската партија ВМРО-ДПМНЕ, од друга страна, Родна Живковска да биде избрана за уставен судија, беше одбиен. Прекината комисиска расправа за утврдување предлози за уставни судии", МИА – Медиумска информативна агенција, 24 јуни 2022, shorturl.at/kns08.

68 „Поранешна пратеничка и адвокат се спремаат за уставни судии", 360 Степени, 4 јуни 2022, https://360stepeni.mk/poraneshna-pratenichka-i-advokat-se-spremaat-za-ustavni-sudii/.

69 „Министерство за правда, Дигитализација на судови, брз и едноставен пристап на граѓаните за добивање документи, обезбедување оптимални услови за вршење на судската и јавно обвинителската функција", официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 28 април 2022, https://vlada.mk/node/28563?fbclid=IwAR33kA1LfRfEMKUxmhiU_cUQfm5fgnXno6dg88Fhme--WGooj.

2021 година е зголемен за 53,7% во однос на 2020 година, а примарната правна помош е зголемена за 20%.[70] Во истата пригода беше нагласено дека реконструкцијата на зградата на Управниот суд е во завршна фаза.[71]

Новиот Закон за парнична постапка[72] сè уште е во првата фаза на читање во Собранието.[73]

Во однос на ефикасноста на кривичната постапка на предметите за корупција на високи функционери, пресудата за предметот „Рекет" е потврдена и од третостепениот суд[74] и донесени се првостепени пресуди за предметите „Топлик"[75] и „Талир 2".[76] Поточно, Врховниот суд ја потврди затворската казна за првообвинетите во случајот „Рекет", каде што поранешен специјален јавен обвинител е осуден на седум години, а телевизиска личност е осудена на девет години.[77] Покрај тоа, поранешниот министер за транспорт и врски, како првообвинет во случајот „Топлик", беше прогласен за виновен од Основниот кривичен суд Скопје и беше осуден на три и пол години затвор.[78] Понатаму, претседателот на Комисијата за јавни набавки беше осуден на три години затвор, додека другите обвинети членови на Комисијата добија условни затворски казни од две години.[79] На крајот, Основниот кривичен суд Скопје ги прогласи за виновни поранешниот премиер и поранешниот генерален секретар на Владата за злоупотреба на службената положба и овластување во предметот „Талир 2".[80]

Поранешниот претседател на Врховниот суд беше прогласен за виновен и осуден на една година и шест месеци затвор за злоупотреба на службената положба и овластувањата. Неговата казна оттогаш е намалена на условна казна ако не стори ново кривично дело во следните четири години.[81]

---

70 „Министерство за правда, Годишниот извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош 2021 година", 31 декември 2021, shorturl.at/ms056.

71 „Со донесувањето на новиот Закон за управни спорови, Управниот суд има неколку обврски со оглед на фактот дека е на исто ниво со другите судови со воведувањето на јавното сослушување, но немаше соодветни просторни услови за нивна примена. Тоа е така затоа што и покрај одлуката на Владата од 25 септември 2018 година, со која зградата на улица 'Даме Груев', бр. 28, е одобрена за трајно користење од страна на Управниот суд, просториите сè уште ги користат службите на Министерството за транспорт и врски. 100 дена Влада: Обезбедени се средства за реконструкција на казнено-поправните установи. Во завршна фаза е реконструкцијата на зградата на Управен суд", официјална интернет-страница на Министерството за правда, 30 април 2022, https://www.pravda.gov.mk/vest/6348.

72 „Предлог-закон за парнична постапка", Електронски национален регистар на прописи на Република Северна Македонија, 21 септември 2020, https://ener.gov.mk/default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg&itemid=lLyTQYj5ArL03xuzvIprbQ=.

73 „Новиот Закон за парничната постапка – Реформа која сè уште е во собраниска процедура", Академик, 3 мај 2022, https://akademik.mk/noviot-zakon-za-parnichnata-postapka-reforma-koja-se-ushte-e-vo-sobraniska-protsedura/.

74 „Врховен им ги потврди затворските казни на Катица Јанева и Бојан Јовановски за 'Рекет'", А1 Он, 1 јуни 2022, https://a1on.mk/macedonia/i-vrhoven-im-gi-potvrdi-zatvorskite-kazni-na-katica-janeva-i-bojan-jovanovski-za-reket/.

75 „Топлик: Миле Јанакиески осуден на три и пол години затвор", Академик, 5 април 2022, https://akademik.mk/sudenje/toplik-mile-janakieski-osuden-na-tri-i-pol-godini-zatvor/.

76 „6 години затвор за Груевски за изградбата на седиштето на ВМРО-ДПМНЕ, условна за Божиновски", Мкд.мк, 8 јуни 2022, https://www.mkd.mk/makedonija/sudstvo/presuda-za-talir-2.

77 „Врховен им ги потврди затворските казни на Катица Јанева и Бојан Јовановски за 'Рекет'".

78 „Топлик": Миле Јанакиески осуден на три и пол години затвор".

79 Исто.

80 „6 години затвор за Груевски за изградбата на седиштето на ВМРО-ДПМНЕ, условна за Божиновски".

81 „Јово Вангеловски е осуден за злоупотреба на службената положба и овластување", МИА – Медиумска информативна агенција, 4 јуни 2022, shorturl.at/EMTV3.

# Борба против корупцијата

## Институционална рамка

### Државна комисија за спречување на корупцијата

Во ова тромесечје ДКСК почнала вкупно 294 предмети поради сомнежи за коруптивно однесување, злоупотреба на јавна функција, судир на интереси и евидентирање и следење на средствата и интересите. Од нив, 211 предмети се поведени по поднесени барања од граѓани, а 83 предмети по сопствена иницијатива на ДКСК. Во делот на корупцијата и злоупотребата на јавната функција поведени се 166 предмети, од кои 166 се по пријави од граѓани, а четири по сопствена иницијатива на ДКСК. Покрај тоа, почнати се 59 предмети од областа на судирот на интереси, од кои 47 се по пријави од граѓани, а 17 по сопствена иницијатива на ДКСК. ДКСК има покренато и 69 предмети од областа на евидентирање и следење на имот и интереси, од кои седум се покренати по пријави на граѓаните и 62 по сопствена иницијатива на ДКСК.[82]

Во април, ДКСК го објави својот Годишен извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси за 2021 година, заклучувајќи дека само 20% од сите активности планирани за 2021 година се целосно реализирани, 27% се во процес на имплементација, а 53% воопшто не се имплементирани, додека најголемата реализација на активностите е во секторот правда (78%), по што следуваат секторот медиуми и граѓанско општество (67%), хоризонталната област на јавните набавки (33%) и секторот образование (22%).[83]

ДКСК поднесе иницијатива за поднесување на кривична пријава до Јавното обвинителство против двајца поранешни генерални секретари на Владата, за злоупотреба на службената должност со склучување на авторски договори со надворешни лица за исплата на надоместок за кој буџетот предвиден за пет години бил потрошен во периодот помеѓу 2019 и почетокот на 2022 година.[84]

## Управни тела

Во средината на април, албанска телевизија објави видео на кое се гледа како раководител на смена на граничниот премин Блаце прима мито од албански државјани кои ја преминуваат границата.[85] Министерството за внатрешни работи (МВР) објави дека ќе почне дисциплинска постапка и дека ќе поднесе кривични пријави против началникот на полицијата/раководителот на смена заедно со уште еден полициски службеник.[86]

---

82 „Државна комисија за спречување на корупцијата, Доставување на информации од јавен карактер“, 18 јули 2022.

83 „Годишен извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси предвидени за реализација во 2021 година“, 11 април 2022, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2022/03/Godisen-izvestaj-za-sproveduvanje-na-NS-vo-2021.pdf.

84 „Антикорупциска поднесе иницијатива до ОЈО за кривично гонење на Зеќири и Рашковски“, 360 Степени, 1 јуни 2022, https://360stepeni.mk/antikoruptsiska-podnese-initsijativa-dojo-za-krivichno-gonene-na-zekiri-rashkovski/.

85 „Началник од граничниот премин ’Блаце‘ снимен како прима поткуп – Внатрешна контрола проверува“, Сител ТВ, 13 април 2022, shorturl.at/ACS68.

86 „Двајцата полицајци од граничниот премин ’Блаце‘ добија кривични пријави за примање мито и суспензија“, 13 април 2022 година, https://360stepeni.mk/dvajtsata-politsajtsi-od-granichniot-premin-blatse-dobija-krivichni-prijavi-za-primane-mito-i-suspenzija/.

## Јавно обвинителство

Во врска со аферата „Палермо“, која предизвика реакции во јавноста, во изјава за медиумите, министерот за правда призна дека платил само сместување и дека не платил карта или чартер-лет, ниту влезница за фудбалскиот натпревар Италија против Северна Македонија.[87] Јавното обвинителство наведе дека додека нема официјално писмо од Владата, нема да работи на предметот, бидејќи досега не е изразено сомневање за сторено кривично дело, туку повеќе станува збор за прекршување на етичкиот кодекс на Владата, судиите и обвинителите.[88] ДКСК, исто така, наведе дека засега нема да поднесат иницијатива, но дека внимателно ќе го следат случајот.[89] Согласно наведеното, вицепремиерот за економски политики и добро владеење врз основа на информациите и податоците доставени од министерот за правда испрати писмено предупредување до министерот за правда за прекршување на член 12 и 17 од Етичкиот кодекс на членовите на Владата,[90] односно за судир на јавен и приватен интерес и добивање подарок – спротивно на кодексот.[91] Покрај тоа, Судскиот совет, кој испитуваше дали етичкиот кодекс[92] е прекршен од страна на претседателот на Основниот суд Кавадарци, утврди дека не постои судир на интереси.[93]

ОЈО повлече дел од обвинението за злоупотреба на службената положба и овластувања за поранешниот министер за транспорт и врски во случајот „ТНТ“, кое се однесува на незаконско уривање на објектот „Космос“ во Гази Баба во 2011 година.[94] ОЈО истакна дека досега презентираните докази не покажуваат дека обвинетиот го сторил кривичното дело злоупотреба на тендерот за уривање на зградата.[95] Во првостепената пресуда обвинетиот е осуден на три години затвор.[96]

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција издаде наредба за спроведување на истражна постапка против владин службеник за злоупотреба на службената положба и овластување на штета на буџетот на Северна Македонија. Истражната постапка е во тек.[97]

---

87 „Тупанчески призна дека не го платил чартер-летот и картите за ВИП-трибината“, А1 Он, 5 април 2022, https://a1on.mk/macedonia/video-tupanceski-za-a1on-prizna-deka-ne-go-platil-charter-let-nitu-kartite-za-vip-tribinata-a-za-smestuvanjeto-uplatil-po-natprevarot/.

88 „Обвинителството ја чека Антикорупциската комисија за случајот ’Палермо‘“, 24 Вести, 2 април 2022, https://24.mk/details/obvinitelstvoto-ja-cheka-antikorupciska-komisija-za-sluchajot-palermo.

89 Исто.

90 „Кодекс за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата“ (Влада на Република Северна Македонија, 22 септември 2020), https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/kodeks_za_etichko_odnesuvanje_na_chlenovite_na_vladata_i_nositelite_na_javni_funkcii_imenuvani_od_strana_na_vladata_prechisten_tekst.pdf.

91 „Писмена опомена за министерот Тупанчески, го прекршил владиниот етички кодекс“, 24 Вести, 6 април 2022, https://24.mk/details/pismena-opomena-za-ministerot-tupanchevski-go-prekrshil-vladiniot-etichki-kodeks.

92 „Кодекс за етика на судиите и судските поротници“ (Врховен суд на Република Северна Македонија, септември 2019), shorturl.at/IKPR5.

93 „Тупанчески призна дека не го платил чартер-летот и картите за ВИП-трибината“.

94 „ТНТ: Обвинителот побара казни затвор за Груевски и другите обвинети, за Јанакиески повлече дел од обвинението“ 360 Степени, 27 април 2022, https://360stepeni.mk/tnt-obvinitelot-pobara-kazni-zatvor-za-gruevski-i-drugite-obvineti-za-janakieski-povle-del-od-obvineto/.

95 Исто.

96 „Останаа останатите обвиненија против поранешниот премиер Никола Груевски како првообвинет, поранешниот градоначалник на Гази Баба, Тони Трајковски, Елизабета Најдовска, тогаш вработена како градежен инспектор во општината, како и против тројца функционери од општина Гази Баба. За ова, првообвинетиот доби девет години затвор од скопскиот Кривичен суд, а останатите именувани обвинети добија четири години затвор. Девет години затвор за Груевски и три за Јанакиески, песудени во случајот ТНТ“, Нова Македонија, 20 мај 2022, https://www.novamakedonija.com.mk/featured/devet-godini-zatvor-za-gruevski-za-tnt/.

97 „Зеќири останува во притвор – Апелација ја одби жалбата“, 360 Степени, 31 мај 2022, https://360stepeni.mk/zekiri-ostanuva-vo-pritvor-apelatsija-ja-odbi-zhalbata/.

Постапувајќи по кривичната пријава на МВР, ЈО за организиран криминал и корупција издаде и наредба за спроведување на истражна постапка против двајца македонски и еден белгиски државјанин за трговија со деца.[98] Согласно наведеното, Основниот кривичен суд Скопје донесе одлука тројцата осомничени да останат во притвор 30 дена.[99]

Во друг инцидент, ОЈО од Струга води постапка против тројца лекари за тешки кривични дела против здравјето на луѓето, по скандалот со медицинското лекување на родилка од Дебар, чии матка, бубрег и јајник се отстранети без нејзино знаење или согласност.[100]

# Основни човекови права

## Судска практика на Европскиот суд за човекови права

Во овој тримесечен период, ЕСЧП одлучи дека постои една повреда[101] на член 10 – правото на слобода на изразување, и две повреди[102, 103] на член 6 став 1 од ЕКЧП – правото на фер судење во предметите против Северна Македонија.

На почетокот на мај, Бирото за застапување на Северна Македонија пред ЕСЧП го објави својот Годишен извештај за својата работа во 2021 година,[104] како и Годишниот извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за 2021 година.[105]

## Народен правобранител

Откако беше објавена сторија од страна на медиумските портали за различниот третман на момчињата и девојчињата кои издржуваат казна во казнено-поправните установи, Народниот правобранител изврши посебна посета на казнено-поправната установа Идризово и издаде заклучок со изјави и препораки до Управата за спроведување на санкции. Двете посети на установата беа во август 2021 година и март 2022 година, при што тој констатирал дека малолетните девојчиња не биле испратени во посебен поправен дом, туку во посебна просторија

98 „Имено, во текот на втората половина на 2021 година, осомничениот белгиски државјанин, со намера да искористи сексуални услуги од дете, стапил во контакт со македонски државјанин кој го поврзал со другите двајца осомничени, родители на шест малолетни деца. Со цел да стекнат материјална корист и да заминат за Белгија, тие се согласиле за паричен надоместок, да му овозможат на првоосомничениот да ја искористи тринаесетгодишната ќерка за сексуални услуги, а потоа да се ожени со неа“.

99 „Донесена наредба за истрага против три лица за кривично дело трговија со дете“, ТВ 21, 17 мај 2022, https://mk.tv21.tv/donesena-naredba-za-istraga-protiv-tri-litsa-za-krivichno-delo-trgovija-so-dete/.

100 „Обвинети тројцата лекари од Струга кои на родилка ѝ оправиле јајник, матка и еден бубрег“, А1 Он, 7 мај 2020, https://a1on.mk/macedonia/obvineti-trojcata-lekari-od-struga-koi-na-rodilka-i-otstranile-jajnik-matka-i-eden-bubreg/.

101 „ЕСЧП, Случај Костова и Апостолов против Северна Македонија“ (А. бр. 38549/16)“, 5 април 2022, shorturl.at/jLZ18.

102 „ЕСЧП, Случај Костовски против Северна Македонија“ (А. бр. 23773/17)“, 7 јуни 2022, shorturl.at/efgJL.

103 „ЕСЧП, Случај Талевска и Трпческа против Северна Македонија“ (А. бр. 11828/16)“, 28 јуни 2022, shorturl.at/dKSY7.

104 „Годишен извештај за работата на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП за 2021 година“, 5 мај 2022, shorturl.at/eNS79.

105 „Годишен извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за 2021 година“, 5 мај 2022, shorturl.at/nOQSX.

во затворот Идризово, со што не биле вистински одвоени од возрасните затвореници. Дополнително, утврдено е дека девојчињата не добиле соодветна здравствена заштита или образование и не се вклучиле во никакви физички и спортски активности. Оттука, беше предложено девојчињата да бидат испратени во казнено-поправната установа Волковија, каде што момчињата ја издржуваат истата казна, но ќе бидат соодветно одвоени според законот и ќе имаат пристап до соодветни услуги согласно утврдените стандарди.[106]

Народниот правобранител ја разгледал состојбата во затворите во Северна Македонија и заклучил дека затворениците во речиси сите затвори се жртви на нехуман и понижувачки третман.[107]

## Мачење или друг суров, нечовечки или понижувачки третман или казна

На социјалните мрежи се рашири видеоснимка на која се гледа полициска бруталност врз член на група фудбалски навивачи, со што се потврдува дека прекумерната сила и понатаму е вообичаена полициска практика. На видеоснимката се гледа како полициските службеници употребуваат прекумерна сила врз лицето кое лежи на земја, без активно да се спротивставува, со што е очигледно дека постапките на полицајците не биле ниту пропорционални, ниту законски.[108]

## Затворски и притворски објекти

Во април 2022 година, по повод сто дена од Владата, беше истакнато дека се обезбедени финансиски средства за капитални инвестиции во казнено-поправните установи за 2022 година во висина од приближно 250.000 евра и дека се спроведува планот за спречување на корупцијата во националниот затворски систем.[109]

Децата кои отслужуваат воспитно-образовни мерки во казнено-поправната установа Тетово, како и во женското одделение во затворот Идризово, не посетуваат настава од септември 2021 година.[110] ХКЧП и Македонското здружение на млади правници (МЗМП) апелираа до државата итно и веднаш да ги преземе сите потребни мерки за да може образовниот процес во казнено-поправните установи да продолжи да се спроведува во најкус можен рок.[111]

106 „За иста мерка, момчињата во воспитно-поправен дом, девојчињата во затвор“, 24 Вести, 2 април 2022, https://24.mk/details/za-ista-merka-momchinjata-vo-vospitno-popraven-dom-devojchinjata-vo-zatvor.

107 „Народен правобранител: Затворениците спијат меѓу бубашваби и лебарки“, Правдико, 24 јуни 2022, https://www.pravdiko.mk/makedonijanarodniot-pravobranitel-zatvorenitsite-spijat-megu-bubashvabi-lebarki/.

108 „Итно да се истражи и санкционира полициската бруталност врз навивач“, официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, 1 април 2022, https://mhc.org.mk/news/itno-da-se-istrazhi-i-sankcionira-policiskata-brutalnost-vrz-navivach/.

109 „Министерство за правда: Обезбедени се финансиски средства за реконструкција на казнено-поправните установи, реконструкцијата на зградата на Управниот суд е во завршна фаза“, официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 30 април 2022, https://vlada.mk/node/28626.

110 „Иако согласно Законот за извршување на санкциите, Министерството за образование и наука има законска обврска да организира, планира и финансира образовен процес во казнено-поправните установи, овој процес се спроведуваше со финансиска поддршка на УНДП до септември минатата година. По завршувањето на проектот, децата во овие институции останаа без образование“.

111 „Недостигот на образовен процес во воспитно-поправните установи ќе остави трајни и штетни последици врз штитениците“, Akademik.mk, 26 април 2022, https://akademik.mk/nedostigot-na-obrazoven-protses-vo-vospitno-popravnite-ustanovi-ke-ostavi-trajni-i-shtetni-poseditsi-vrz-shtitenits/.

На 16 мај, министерот за правда одржа состанок со претставници од Европскиот комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (КПТ) и ги информираше за активностите преземени по првичните препораки за состојбата на казнено-поправните установи, при што тие се согласија дека треба да се преземат интензивни мерки.[112]

Министерот за правда на 18 мај оствари средба со претставници од Независните синдикати на затворската полиција и администрација и на судската администрација, при што беше информиран за нивните барања за подобрување на условите во кои се вршат работните задачи и должности и беше договорено во следниот период да се формираат работни групи кои ќе ги утврдат слабостите и ќе предложат мерки за подобрување на условите за работа на затворските чувари, администрацијата и судската администрација.[113]

Кон средината на јуни во затворот Идризово беше спроведена координирана акција на повеќе институции, при што беа претресени 25 ќелии и пронајдени околу 50 мобилни телефони, компјутерски додатоци, 37 ножеви и многу други остри предмети, дрога во прав, течна состојба, таблети и други предмети, а министерот за правда изјави дека никој нема да биде поштеден од одговорност за овие наоди.[114] По оваа акција, ХКЧП и МЗМП објавија заедничка изјава како организации што континуирано и директно ги следат состојбите во затворските установи, посочувајќи дека она што беше прикажано во медиумите како спектакуларна заплена на ножеви, дрога и мобилни телефони во затворот, всушност е вообичаена ситуација, која трае со децении и тие ќе продолжат да ги следат активностите на институциите во врска со претресот во затворот Идризово.[115] Кон крајот на јуни во затворот во Штип била спроведена уште една координирана акција на повеќе државни институции, при што биле откриени 11 мобилни телефони, пет ножеви, пет шрафцигери, пари и ќесички со психотропни и нелегални супстанции.[116]

Народниот правобранител утврди дека состојбата во речиси сите затвори во државата е повеќе од загрижувачка и под сите минимални стандарди.[117]

## Заштита на личните податоци

Во април 2022 година, Агенцијата за заштита на личните податоци (АЗЛП) го објави својот Годишен извештај (2021) и дополнително, во текот на минатата година, беа усвоени измените и дополнувањата на Законот за заштита на личните податоци.[118]

112 „Министерство за правда, Посета на Комитетот за спречување на тортура“, 16 мај 2022, https://pravda.gov.mk/vest/6358.

113 „На денешниот состанок со претставниците на самостојните синдикати на затворската полиција и администрација и на судската администрација, бев информиран за барањата на овие лица за подобрување на условите во извршувањето на работните обврски и должности“, официјална фејсбук-страница на министерот за правда, Никола Тупанчески, 18 мај 2022, https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=140682398543161&id=100078042045641.

114 „Тупанчевски: Никој нема да биде поштеден од одговорност по претресот во КПУ Идризово“, ТВ 21, 15 јуни 2022, https://mk.tv21.tv/tupanchevski-nikoj-nema-da-bide-poshteden-od-odgovornost-po-pretresot-vo-kpu-idrizovo/?fbclid=IwAR01efTOJP7t-lUe1kOJgqVEAb6gW-icw-IcRg0x-r3PYsUl-dZe89prock&ck=1.

115 „Дали некој конечно ќе сноси одговорност за пропустите во затворите?“, официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, 18 јуни 2022, https://mhc.org.mk/news/dali-konechno-nekoj-ke-snosi-odgovornost-za-propustite-vo-zatvorite/.

116 „Министерство за правда, Соопштение: Во координирана акција во затворот во Штип пронајдени се мобилни телефони, ладно оружје, пари, психотропни супстанции и недозволени материи“, 28 јуни 2022, https://pravda.gov.mk/vest/6377.

117 „Народен правобранител: Затворениците спијат меѓу бубашваби и лебарки“.

118 „Агенција за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија, Годишен извештај за 2021 година“, 1 април 2022, https://dzlp.mk/sites/default/files/u4/2021-azlp-godisen_izvestaj_za_2021_-_pdf.pdf.

Во извештајниот период, АЗЛП спровела 59 активности за давање насоки, известувања и одговори до контролорите/обработувачите на податоци во врска со перцепцијата на ризиците, правилата, мерките за заштита и правата во врска со обработката на личните податоци; една консултација (насоки) за предлог-закон, со цел државните власти и органи полесно да ги спроведуваат правилата за заштита на личните податоци согласно правилата предвидени во Законот за заштита на личните податоци; пет укажувања до органите на државната управа во врска со прописите и другите правни инструменти објавени во „Службен весник"; едно укажување во врска со начинот на уништување на документите што содржат лични податоци; четири мислења во врска со предлог-закони, подзаконски акти и други материјали од областа на заштитата на личните податоци, една иницијатива за изменување и дополнување и едно одобрување за обработка на лични податоци согласно член 84 од Законот за заштита на личните податоци.[119]

АЗЛП во извештајниот период спровела вкупно 45 инспекциски надзори, од кои 31 редовни, а 14 ненајавени. Покрај тоа, спровела и 12 редовни електронски надзори.[120]

Од вкупно 97 барања поднесени до АЗЛП во извештајниот период, најмногу се од физички лица за однесување на социјалните мрежи (83), имено за лажни и хакирани профили, барања што се однесуваат на објавување на туѓи фотографии, видеа и аудиоснимки од туѓи профили на социјалните медиуми. Преостанатите 14 барања се во врска со остварување на правата на субјектите на лични податоци, обработка на лични податоци преку системи за видеонадзор итн.[121]

АЗЛП потпиша меморандум за соработка со Државната изборна комисија, Министерството за здравство и Македонската банкарска асоцијација.[122]

## Слобода на мисла, совест и религија

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поведе постапка по службена должност против јавен службеник, по повод неговите изјави во дебатна емисија на телевизиски канал, кои укажуваат на етничко малтретирање припадници на турската етничка заедница во Република Северна Македонија.[123]

## Слобода на изразување

„Фридом Хаус" ја оцени Северна Македонија како „делумно слободна" со оценка 67/100, односно за едно место повисока позиција отколку во 2021 година (66/100).[124]

119 „Агенција за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија, Доставување на информации од јавен карактер", август 3 2022.

120 Исто.

121 „Агенција за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија, Доставување на информации од јавен карактер".

122 Исто.

123 „Покрената постапка по службена должност против Ваљон Бела", официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 18 април 2022, shorturl.at/cprv7.

124 „Фридом хаус, Слобода во светот 2022 – Северна Македонија" (2022), https://freedomhouse.org/country/north-macedonia/freedom-world/2022>.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во два наврати констатирала напади врз новинари: на крајот на мај реагирале до МВР на повик на уредник на телевизиска станица за информативна консултација за сторија што никогаш не била емитувана, а на крајот на јуни реагирале по вербален напад на советник на општината упатен кон новинар на телевизиска станица. Нивните наоди покажуваат дека ниту еден медиум не ширел говор на омраза.[125]

По почетокот на руската инвазија на Украина, ОЈО и МВР ги следеа изјавите и коментарите на социјалните медиуми и изјавија дека ќе ги гонат сите лица кои ги оправдуваат воените злосторства. ОЈО ги повика и граѓаните ваквите случаи да ги пријават на cybercrime@moi.gov.mk.[126]

Северна Македонија беше рангирана на 57-то место од вкупно 180 земји според Индексот на слободата на медиумите на „Репортери без граници" за 2022 година, 33 позиции повисоко во споредба со минатата година, кога беше рангирана на 90-тото место. Во извештајот се наведува дека, иако новинарите не работат во непријателска атмосфера, широкораспространетите дезинформации и недостатокот на професионализам придонесуваат за намалување на довербата на општеството во медиумите, што ги изложува независните медиуми на закани и напади. Исто така, транспарентноста на институциите е мошне слаба и поради политичката поларизација, медиумите можат да бидат подложени на притисок.[127]

По повод Светскиот ден на слободата на печатот (3 мај), министерот за правда најави измени на Законот за граѓанска одговорност за клевета, со што ќе се гарантира слободата на изразување. Амандманите вклучуваат драстично намалување на висината на казните за медиумските работници за штета предизвикана од навреда или клевета и тие во моментов се во собраниска процедура.[128]

Новинар[129] бил повикан во полициска станица по пријава на раководителка на еден од секторите во МП, која, според полицискиот извештај, чувствувала вознемиреност во врска со сопственото здравје и репутација по објавување статија напишана од новинарот. Според полицискиот инспектор во полициската станица, ова е прв случај каде што МВР, иако не е надлежно, повикало новинар на интервју во врска со напишан текст во медиум.[130] Овој инцидент веднаш беше осуден и беше побарано разјаснување,[131] по што МП ја извести јавноста дека е формирана дисциплинска комисија која ќе го испита целиот случај и дека ќе стори сè за да ја заштити слободата на изразување и говор.[132]

---

125 „Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Доставување на информации од јавен карактер", 13 јули 2022.

126 „Основно јавно обвинителство: Затвор до пет години за одобрување на воените злосторства во Украина на Фејсбук", Тоcka.com.mk, 4 април 2022, https://tocka.com.mk/vesti/406765/javno-obvinitelstvo-zatvor-do-pet-godini-za-odobruvanje-na-voenite-zlo-storstva-vo-ukraina-na-fejsbuk?fclid=IwAR0GdfKREhN-QpCpuduldy-9c-zatv1eJoJmYSQ0QQPQv.

127 „Северна Македонија на 57 место според индексот на слобода на медиуми на репортери без граници", Biznisvesti.mk, 3 мај 2022, https://www.biznisvesti.mk/severna-makedonija-na-57-mesto-spored-indeksot-na-sloboda-na-mediumi-na-reporteri-bez-granitsi/.

128 „Министерство за правда, Тупанчески: Слободни новинари, Слободно општество. Со измените на предлог-законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета се гарантира слобода на изразување", 3 мај 2022, https://pravda.gov.mk/vest/6349.

129 „По објавување на напис за адвокат кој тврди дека му бил побаран поткуп од раководител на еден од секторите во МВР, проследен со уцена, новинар од национален онлајн-медиум бил повикан во полициска станица во Скопје на службено интервју во врска со пријава против наведениот напис".

130 „Новинарката на САКАМДАКАЖАМ.МК, Соња Делевска, повикана во полиција за објавен текст, вознемирила раководителка во Министерство за правда", Сдк.мк, 16 мај 2022, https://sdk.mk/index.php/makedonija/novinarkata-na-sakamdakazham-mkona-slevs-ka-povikana-politsija-objaven-zemnirila-odelitka-instva-pravda/fbid = IQwIgavg-vgvgv6kgv6kv6kv6kv7kv7kv7kv7kv6kgv7kv7kv7kgv4kg.

131 „Слободата на говор не смее да се замолчи со полициската строгост", Слободен печат, 17 мај 2022, https://www.slobodenpecat.mk/slobodata-na-govor-ne-smee-da-se-zamolchi-so-policiska-strogost/.

132 „Формирана е дисциплинска комисија која ќе го испитува случајот со раководителката во МП", Press24.mk, 17 мај 2022, https://press24.mk/formirana-e-disciplinska-komisija-koja-kje-go-ispituva-sluchajot-so-rakovoditelkata-vo-mp.

На трети јуни Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) објави документ со наслов „Напади врз новинари и медиумски работници 2017-2021 година: Трендови и препораки“, кои опфаќаат некои од посериозните повреди на правата на медиумските работници кои се евидентирани и се забележани како трендови што се повторуваат, во форма на напади врз новинари во последните пет години.[133]

ЗНМ реагираше и на забелешките на претседателот на најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ, изнесени на јавниот собир, преку кои јавно беа означени новинарите кои известуваат за билатералниот спор со Бугарија, што негативно се одразува на слободата на медиумите и придонесува за цензура, автоцензура и говор на омраза кон медиумите.[134]

## Ранливи групи и начело на недискриминација

Во овој тримесечен период добиени се 68 приговори и утврдено е дека три предмети треба да се отворат по службена должност поради дискриминација. Постапувано е за сите 71 приговор, истовремено со 45 предмети по приговори поднесени во претходниот период. Во 13 од нив е утврдена дискриминација, од кои девет се од областа на јавното информирање и медиумите, една е од областа на трудот и работните односи, две од областа на пристапот до стоки и услуги и една од областа на образованието и спортот. Во мислењата дадени од КСЗД, утврдена е дискриминација по неколку основи во исто време, односно бројот на случаи на дискриминација е поголем од вкупниот број жалби. Поточно, постојат голем број мислења со кои се потврдува дискриминација врз основа на национално и етничко потекло (шест мислења), пол и сексуална ориентација (шест мислења) и личен и социјален статус (едно мислење).[135] На седми април, ХКЧП и МЗМП спроведоа ненајавена посета на Институтот за рехабилитација на деца и младинци во Топанско Поле, Скопје, по известување од вработен во Институтот за голем број неправилности во работењето на установата, несоодветна грижа за децата, како и несоодветни услови за работа на вработените. Сепак, освен дефицит на вработени, посетата покажа дека се направени значајни реконструкции на објектите, со што се исполнети неопходните услови за вакви објекти и постои задоволително ниво на хигиена.[136]

На 12 април се одржа првиот состанок за изработка на новата Национална стратегија за лица со попреченост на Северна Македонија; МТСП е носител на активностите за подготовка на стратегијата што ќе опфати период од седум години, додека националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост ќе биде задолжено за координација и олеснување на целиот процес.[137]

133 „ЗНМ објави публикација во која се рефлектираат тенденциите на напади врз новинари и медиумски работници во последните пет години“, Znm.org.mk, 3 јуни 2022, shorturl.at/dgjN2.

134 „ЗНМ: Политичарите да не омаловажуваат новинари во своите јавни говори“, Znm.org.mk, 20 јуни 2022, shorturl.at/hPSYZ.

135 „Државна комисија за спречување и заштита од дискриминација, Доставување на информации од јавен карактер“, 19 јули 2022.

136 „Нема неправилности во Заводот за рехабилитација на деца и младинци во Топанско Поле“, официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 12 април 2022, https://mhc.org.mk/news/ne-ma-nepravilnosti-vo-zavodot-za-rehabilitacija-na-deca-i-mladinci-vo-topansko-pole/.

137 „Почнува процесот за креирање на нова Национална стратегија на лицата со попреченост“, официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 12 април 2022, https://vlada.mk/node/28424.

Кон крајот на април, министерот за труд и социјална политика одржа состанок со претставници на националните организации на лицата со попреченост, на кој се дискутираше за барањата што овие организации ги доставија до МТСП преку Националниот совет на инвалидски организации.[138]

МТСП најави дека планира да спроведе многу мерки за подобрување на правата на лицата со попреченост, согласно барањата доставени од здруженијата на граѓани и родителите на деца со попреченост, меѓу кои е и усвојување на нова Национална стратегија за лица со попреченост, измени и дополнувања на подзаконските акти и воспоставување регистар за лица со попреченост.[139]

Клубот за младински прашања и политики при Собранието одржа средба со млади лица со попреченост, на која присуствуваа млади активисти, претставници на повеќе граѓански организации и средношколци, каде што се дискутираше за обезбедување на подостапна инфраструктура, пристап до јавни услуги и образование, признавање на знаковниот јазик, достапна литература за ученици со оштетен вид, достапност на ортопедски помагала и здравствени услуги.[140]

На 12 мај, претставништвото на УНИЦЕФ и организацијата „Отворете ги прозорците" во Северна Македонија ја промовираа имплементацијата на дигиталната апликација и алатката за асистивна технологија, „Cboard"[141], создадена за да им помогне на децата со тешкотии во комуникацијата и нарушувања во говорот за да можат да комуницираат и да ги изразат своите потреби, чувства и мисли.[142]

На крајот на мај се одржа консултативен состанок со релевантните чинители во процесот за изработка на Националната стратегија[143] за лица со попреченост.[144]

КСЗД доби позитивна оценка за својата работа во последниот извештај од Стејт департментот.[145] Според извештајот, во 2021 година Комисијата работела на заштита на граѓаните од кршење на нивните права од страна на јавните институции, намалување на дискриминацијата на малцинските заедници и лицата со попреченост, промовирање на фер застапеност во јавниот живот и спречување на злоупотреба на правата на децата.[146]

---

138 „Тренчевска: Заеднички креираме и имплементираме политики кои ќе го унапредат квалитетот на живот на сите лица со попреченост", официјална интернет-страница на Министерството за труд и социјална политика, 29 април 2022, https://www.mtsp.gov.mk/april-2022-ns_article-trencevska-zaednicki-kreirame-implementirame-politiki-i-kjego-unapredat-kvalitot-na-ivzot-na-nspx.

139 „МТСП најавува мерки за децата и лицата со попреченост", Радиомоф.мк, 20 април 2022, https://www.radiomof.mk/mtsp-na-javuva-merki-za-decata-i-licata-so-poprechenost/.

140 „Средба на млади лица со попреченост со Клубот за младински прашања", Janakiznae.mk, 20 април 2022, shorturl.at/jo568.

141 „Бесплатна апликација со отворен код, која може да се користи онлајн или преку Андроид мобилен уред или таблет за да им помогне на децата и возрасните со низа говорни и јазични нарушувања и да ја олесни нивната комуникација користејќи симболи, слики и пренос на текст во говор. Во оваа пригода, министерката за труд и социјална политика ја потврди континуираната посветеност на МТСП за унапредување на системот за заштита на децата, со цел да им се овозможи на сите деца, без разлика на нивните способности, средина од која доаѓаат, како и нивното образование и семејство, да добијат сеопфатна поддршка за развој на нивниот целосен потенцијал".

142 „Промовирана апликацијата 'Сиборд' за унапредување на инклузивноста на децата со попреченост", Meta.mk, 12 мај 2022, https://meta.mk/promovirana-apliakcijata-sibord-za-unapreduvanje-na-inkluzivnosta-na-decata-so-poprechenost/.

143 „Стратегијата ќе се изработи во согласност со обврските и начелата преземени со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и на Европската стратегија за правата на лицата со попреченост, врз основа на податоци и анализи за тековната состојба направени во однос на почитувањето и остварувањето на правата на лицата со попреченост".

144 „МТСП: Развој на Националната стратегија за правата на лицата со попреченост со широк општествен консензус и учество на сите страни", официјална интернет-страница на Министерството за труд и социјална политика (блог), 25 мај 2022, https://www.mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-mtsp-razvoj-na-nacionalnata-strategija-za-pravata-na-so-poprecost-so-shirokopshtven-konnspx.

145 „Извештај за човековите права на Северна Македонија за 2021 година", 27 април 2022, https://www.state.gov/wp-content/uploads/2022/02/313615_NORTH-MACEDONIA-2021-HUMAN-RIGHTS-REPORT.pdf.

146 „Позитивна оценка за работата на КСЗД во извештајот на Стејт департментот за 2021 година", официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 27 април 2022, shorturl.at/fnQVZ.

Дополнително, Комисијата учествуваше во подготовката на Четвртиот периодичен извештај за Република Северна Македонија согласно Меѓународниот пакт на ОН за граѓански и политички права, кој доаѓа по учеството на Комисијата во изработката на извештајот што се подготвува согласно Конвенцијата за елиминирање на расната дискриминација.[147]

Кон средината на јуни, КСЗД потпиша меморандуми за соработка со Субверзивен фронт и Институтот за добро управување и евроатлантски перспективи, со цел да се реализираат заедничките заложби за зајакнување на меѓусебната соработка и поддршка во напорите за справување со дискриминаторскиот говор и другите негативни појави на интернет.[148]

Во јуни, ОН ја почнаа заедничката програма „Од знаење и инклузија – до зајакнување и учество“ за подобрување на капацитетот на организациите на лицата со попреченост, Владата, на давателите на услуги и на агенциите на ОН, со што заеднички придонесоа за успешно спроведување на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.[149]

## Родови прашања

Тренерот по џудо од Прилеп, кој беше обвинет за вршење на сексуални дејства врз четири малолетни девојки кои ги тренирал во својот џудо-клуб, беше осуден на 20 години затвор. Исто така, му било забрането да врши професионална дејност, бидејќи, покрај сексуалниот напад, бил обвинет и за злоупотреба на службената положба како џудо-тренер.[150]

По пријавеното тепање и силување на жена од Велес и запирање на постапката од страна на ОЈО во Велес, бидејќи немало докази дека обвинетиот го извршил силувањето, ХКЧП и МЗМП реагираа на начинот на постапување по предметот од страна на надлежните органи.[151]

Иако во полошкиот регион во декември минатата година беше отворен специјализиран центар за психолошко советување на жени жртви на семејно и родово базирано насилство во рамките на Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, сепак овој регион останува единствен во Северна Македонија што нема ниту еден центар за згрижување или барем интервентен центар за жени жртви на семејно насилство.[152]

147 „КСЗД вклучени во изработка на Државниот извештај по меѓународен пакт на ООН“, официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 27 април 2022, shorturl.at/gPU28.

148 „КСЗД потпиша Меморандум за соработка со Субверзивен фронт и ИДУЕП“, официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 15 јуни 2022, shorturl.at/vCH56.

149 „ОН почнаа заедничка програма за надминување на нееднаквоста и исклучувањето на лицата со попреченост“, Radiomof.mk, 22 јуни 2022, https://www.radiomof.mk/on-zapochnaa-zaednichka-programa-za-nadminuvanje-na-neednakvosta-i-iskluchuvanjeto-na-licata-so-poprechenost/.

150 „20 години затвор за прилепскиот џудо-тренер – во неговиот клуб сексуално ги вознемирувал малолетните девојчиња кои ги тренирал“, Телма ТВ, 5 април 2022, shorturl.at/DJO01.

151 „Реконструкција на постапувањето на органите на прогонот во случај со силување“, 360 Степени, 5 април 2022, https://360stepeni.mk/video-rekonstruktsija-na-postapuvaneto-na-organite-na-progonot-vo-sluchaj-so-siluvane/?fbclid=IwAR0xjxfiM0roKLSD2fusT53ve28KsSBcL-d0-RGNJwUppUVOq-eg.

152 „Во полошкиот регион нема ниту еден шелтер центар, жените-жртви на насилство се згрижуваат во другите градови“, Радиомоф.мк, 25 април 2022, https://www.radiomof.mk/vo-poloshkiot-region-nema-shelter-centar-zhenite-zrtvi-na-nasilt-vo-se-zgrizhuvaat-vo-drugite-gradovi/.

На 13 мај година Собраниската комисија за еднакви можности на жените и мажите ја одржа осмата седница, на која се одржа јавно сослушување во врска со нацрт-планот на активности за унапредување на родовата чувствителност на Собранието на Република Северна Македонија 2022-2024 година.[153]

На 28 мај година, Ден на менструалната хигиена, активистите на Регионалната мрежа за родово одговорно буџетирање, Платформата за родова еднаквост и „Движење за менструален циклус од Скопје" протестираа пред Министерството за финансии и поднесоа барања за намалување на ДДВ од 18% на 5% за менструалните производи со цел намалување на продажната цена и поттикнување на користењето на менструалните чаши преку субвенционирање на цената.[154]

Во случајот на жената ослободена од одговорност за кривичното дело убиство на нејзиниот вонбрачен партнер, од кого претрпела семејно насилство, Вишото јавно обвинителство Скопје се согласи со ослободителната пресуда на Основниот суд во Велес.[155]

Во јуни, во врска со предметот „Јавна соба", донесена е нова пресуда со која е санкционирано лице кое споделувало експлицитни фотографии од жртвата. Иако оваа пресуда носи надеж дека жртвите на овој предмет и на слични предмети ќе добијат правда, таа, исто така, отвори Пандорина кутија со непријатни факти: немаше правда за речиси сите други жени кои биле жртви на таквите групи, а измените на Кривичниот законик што беа најавени како решение за овој вид предмети беа заглавени во Собранието речиси една година.[156]

Во средината на јуни, народниот правобранител ја поддржа кампањата на НВО „Диверзиум" за борба против онлајн-насилството врз жените, чија цел е да ги поддржи жените жртви на овој вид насилство и да ја подигне свеста кај жртвите дека не се обврзани да трпат насилство и дека треба да го пријават. Конечната цел на кампањата е да се поднесе иницијатива до Собранието, во која се предлага онлајн-насилството да се третира како посебен вид насилство во Кривичниот законик и да се предвиди кривична одговорност за сторителите.[157]

## Говор на омраза

На почетокот на април се одржа дводневен стручен состанок на телата за еднаквост на Албанија, Црна Гора и Северна Македонија во врска со борбата против говорот на омраза. Членовите на КСЗД ја претставуваа Северна Македонија, разговараа за предизвиците со кои се соочуваат земјите од Западен Балкан во борбата против говорот на омраза и разменија позитивни практики

153 „Јавна расправа за предлог-планот на активности за унапредување на родовата сензитивност", официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 12 мај 2022, https://www.sobranie.mk/ns-newsarticle-javna-rasprava-za-predlog-planot-na-aktivnosti-za-unapreduvane-na-rodovata-senzitivnost.nspx.

154 „Менструалната хигиена не е привилегија! – Протест пред Министерството за финансии", службен сајт на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, 30 мај 2022, https://mhc.org.mk/news/rodova-ednakvost/menstrualnata-higiena-ne-e-privilegija-protest-pred-ministerstvoto-za-finansii/.

155 „Вишото обвинителство се согласи со ослободителната пресуда за велечанката Пале: Побара Апелација да ја одбие жалбата од ОЈО Велес", 360 Степени, 1 јуни 2022, https://360stepeni.mk/vishoto-obvinitelstvo-seoglasi-so-osloboditelnata-presuda-za-veleshankata-pale-pobara-apelatsija-da-odbie-zhalbata-odojo-veles/?fs=cl&fid=Iw3YZRwNOLOL0GLBLBLYKKKTDDDSDDDDDDS&fl6&l6&fl6&l6&l6&l6=cliwid=wid=wyzvyjjjjjjjng=l.

156 „Трнлив пат до правда за жртвите од Јавна соба", Slobodnaevropa.mk, 9 јуни 2022, shorturl.at/fntW4.

157 „Народниот правобранител ја поддржа кампањата за борба против онлајн-насилството врз жените", официјална интернет-страница на Народниот правобранител на Република Северна Македонија, 13 јуни 2022, shorturl.at/ahTU1.

со другите земји за спроведување на европските стандарди. Така, беше нагласена важноста на формирање широки сојузи во борбата против говорот на омраза и подигнување на свеста на населението на национално ниво, како и потребата од зајакнување на соработката со судовите на тема дискриминација со акцент на говорот на омраза како глобален проблем и закана за човековите права.[158]

## ЛГБТИ+

Во Извештајот за основните права на Европската агенција за основни права за 2022 година се наведени два клучни настана во 2021 година поврзани со оваа проблематика: назначувањето на членовите и почетокот на работата на КЗСД и на народниот правобранител и предлогот за измени и дополнувања на Законот за матична евиденција, со кои се предвидува процес за правно признавање на родот.[159]

На 20 април оваа година, европратениците се обратија до Владата на Северна Македонија со писмо во врска со потребата од заштита на правото на транс и небинарните лица за правно признавање на родот во Законот за матична евиденција. Тие ја изразија својата загриженост во врска со повлекувањето на предлог-законот за матична евиденција и ја повикаа Владата да продолжи со напорите за решавање на проблемите истакнати од граѓанските организации што се залагаат за правата на ЛГБТИК-лицата, како и да ги спроведе своите обврски согласно Европската конвенција за човекови права.[160]

На седми мај на градските гробишта во Тетово бил физички нападнат претседателот на „ЛГБТИ Јунајтед".[161] Националната мрежа против хомофобија и трансфобија инсистираше на итно и темелно дејствување на органите за спроведување на законот и целосно решавање на овој случај.[162]

Платформата за истражувачко новинарство и анализи (ПИНА) спроведе неформално, анонимно истражување на 45 лица, од кои повеќето беа трансродови лица, како и поддржувачи на оваа заедница и заклучи дека мнозинството (78%) од транс лицата сметаат дека нацрт-законот за правно признавање на полот значително ќе го подобри нивниот живот.[163]

158 „С. Македонија, Ц. Гора и Албанија заеднички против говорот на омраза", официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 7 април 2022, shorturl.at/aDFJN.

159 „Извештајот за фундаменталните права на ФРА за 2022 година", 8 јуни 2022, https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/fundamental_rights_report_2022-_north_macedonia_.pdf.

160 „Писмо: Европратениците се обратија до владата на Северна Македонија во врска со правното признавање на родот и Законот за матична евиденција", официјална интернет-страница на Организацијата „Коалиција Маргини", 21 април 2022, http://coalition.org.mk/archives/12152.

161 „Вербално и физички нападнат активистот Беким Асани пред очите на неговата мајка", ЛГБТИ Јунајтед, 8 мај 2022, https://lgbtiunited.mk/2022/05/08/verbalno-i-fizichki-napadnat-aktivistot-bekim-asani-pred-ochite-na-negovata-majka/?fbclid=IwAR3y99IF-WSKX-NSTbvRjmILAQ4U9192cdMJgY-KOg5SC2zec.

162 „НМХТ: Итно да се пронајдат напаѓачите на Асани, институциите да не ги игнорираат делата од омраза", официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, 9 мај 2022, https://mhc.org.mk/news/nmht-ito-da-se-pronajdat-napagachite-na-asani-instituciite-da-ne-gignorira-delata-od-omraza/.

163 „Законот за матична евиденција би ги подобрил животите на трансродовите луѓе", Pina.mk, 11 мај 2022, https://pina.mk/6055-zakonot-za-matichna-evidentsija-bi-gi-podobril-zhivotite-na-transrodovite-luge/?fbclid=IwAR3RxNtmn5UP1iw_LwElqDy_7OmJsQ0Tu-ohXH6OnWaejtZpSC3CgM.

Годинешната мапа и индекс на виножитото на ИЛГА – Европа, која ја рангира правната и политичката ситуација на ЛГБТИ-луѓето во 49 европски земји, открива дека во изминатите 12 месеци се забележани нови случувања во решавањето на недостатоците во однос на правата на ЛГБТИ-лицата, како и менување на стандардите, со што на државите им се дава основа врз која ќе можат да постигнат напредок. Во споредба со извештајот и мапата од претходната година, Северна Македонија останува на многу ниското 31 место (од вкупно 49), поради неприфаќањето на измените на Законот за матична евиденција, како и на Националниот акциски план за унапредување на правата на ЛГБТИ+ луѓето.[164]

Годинешната „Парада на гордоста Скопје“, во организација на Националната мрежа против хомофобија и трансфобија, се одржа на 25 јуни, под мотото „Излезете за љубов! Достоинство. Еднаквост. Правда.“[165]

## Роми

На осми април, Меѓународниот ден на Ромите, почнаа активностите на Мрежата за правата на Ромите. Мрежата има цел да влијае врз заштитата на човековите права на Ромите во Европа, да ги зајакне напорите за застапување засновани на правата, да стимулира дебата за правата на Ромите и да продолжи со судските постапки за човековите права како алатка за активизам. Членови на мрежата се 18 организации за човекови права од 15 различни земји, чија цел е обединување на Ромите и нeромските активисти кои се борат за заштита на човековите права на Ромите низ цела Европа, а организација-претставник од Северна Македонија е Македонското здружение на млади правници.[166]

КСЗД и Институтот за истражување и анализа на политики „Ромалитико“ потпишаа меморандум за соработка со цел унапредување, развој и продолжување на соработката за еднаквост, унапредување на човековите права и елиминирање на сите видови дискриминација согласно заедничките интереси и цели на двете организации. Покрај тоа, двете организации се согласија периодично да разменуваат информации во врска со предмети поврзани со дискриминација насочена кон ромската етничка заедница.[167]

Во Извештајот за основните права за 2022 година на ФРА се наведува дека првиот нацрт на Стратегијата за Ромите 2022-2030 е јавно објавен во декември 2021 година, по што Владата во мај отвори широк консултативен процес преку кој заинтересираните претставници на ГО беа поканети да се вклучат со свои предлози за мерки и активности. КСЗД учествуваше на подготвителниот состанок за концептот на стратегијата, додека сите други државни институции можеа да дадат коментари и предлози за првиот нацрт на стратегијата согласно јавниот повик за консултации.[168]

---

164 „Се појави нова динамика во ЛГБТИ-правата низ Европа, открива виножитната мапа“, официјална интернет-страница на Организацијата „Коалиција Маргини“, 12 мај 2022, http://coalition.org.mk/archives/12162.

165 „Скопје Парада на гордоста 2022: На 25 јуни, Излезете за љубов! Shkupi Prajd 2022: Më 25 Qershor Dil Për Dashurinë!“, официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, 11 јуни 2022, shorturl.at/rSUW3.

166 „Лансирана е мрежата на ERRC за заштита на Ромите“, официјална интернет-страница на Македонското здружение на млади правници, 8 април 2022, shorturl.at/afsU7.

167 „Потпишан меморандум за соработка помеѓу КСЗД и ’Ромалитико‘“, официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 14 април 2022, shorturl.at/inT01.

168 „Извештајот за фундаменталните права на ФРА за 2022 година“.

